**20150702424**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 71 став (4) од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15 и 61/15), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

- „унапредување" е движење на царинскиот службеник во системот на кариера ако е распореден на работно место, кое согласно со хиерархијата на работни места утврдени во Законот за Царинската управа се наоѓа во повисоката категорија на работните места или е на повисоко ниво во категоријата на работни места, од нивото на работното место на кое дотогаш работел и
- „слободно работно место" е работно место на кое со договор за вработување или со решение за распоредување не е распореден царински службеник.

Член 3

Унапредувањето на царинските службеници се врши во транспарентна постапка со спроведување на интерен оглас врз основа на професионалните активности и квалификации на царинските службеници, нивната работна способност и оценката на работната изведба, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување.

Член 4

Царински службеник може да биде унапреден на друго работно место кое се наоѓа во повисоката категорија на работните места или е на повисоко ниво во категоријата од работното место на кое дотогаш работел, согласно хиерархијата на работните места утврдена во Законот за Царинската управа.

Член 5

Царинскиот службеник може да биде унапреден на работно место во повисоко ниво во категоријата или во повисока категорија, доколку:

- работното место на кое се унапредува е слободно;
- ги исполнува условите утврдени од Законот за Царинската управа и актот за систематизација на работните места;
- бил оценет со оценки утврдени со овој правилник и
- во последната година не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски.

Член 6

(1) Царински службеник може да биде унапреден доколку ги исполнува условите од член 5 на овој правилник и три пати едноподруго бил оценет со конечна оцена „се истакнува“ или „задоволува“ согласно актот за системот на оценување на работата на царинските службеници во Царинската управа.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, за раководните царински службеници помошник директор, управник на царинарница, началник на независно одделение и советник на директорот кои најмалку три години биле на овие работни места треба да се оценети еднаш со оценка „се истакнува“ или „задоволува“ согласно актот за системот на оценување на работата на царинските службеници во Царинската управа.

Член 7

(1) Во процесот на унапредување на друго работно место во повисоко ниво не треба да се врши прескокнување на нивото во рамките на категоријата на работните места утврдени со актот за систематизација на работните места и во Законот за Царинската управа.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, унапредување на царински службеник на работно место во повисоко ниво може да се изврши и за повеќе нивоа, доколку на интерниот оглас не се јави ниту еден кандидат.

Член 8

Ако царински службеник во текот на неговиот работен однос бил распореден на работно место кое припаѓа на определена категорија, неговото повторно распоредување на истото работно место од категоријата, не претставува унапредување.

Член 9

Постапката за унапредување на царински службеник се спроведува со објавување на интерен оглас за слободното работно место согласно актот за спроведување на интерен оглас за пополнување на слободни работни места во Царинската управа, со која е пропишана постапката по интерен оглас.

Член 10

Во случај кога на интерниот оглас нема да се јави ниту еден кандидат, а пополнувањето на слободно работно место е неопходно поради потребите на службата, ќе се изврши распоредување на вработен кој ги исполнува условите од член 5 на овој правилник.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на унапредување на царинските службеници во Царинската управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 150/11 и 59/12).

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-3193/1
24 април 2015 година
Скопје

Министер за финансии,
**Зоран Ставрески**, с.р.